# Резиме на македонски јазик - Водич за добри практики за Европски креативни стажирања

RINOVA · materahub cultural and creative industries · RRA Senec - Pezinok · Cultural Creative Industry Cluster · arteria foundation · press to exit project space





Поддршката од Европската комисија за изработка на оваа публикација не е одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, и Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# Зошто Водич за добри практики за Европски стажирања во CCI?

Партнерство за креативни стажирања (P4CA) има за цел да го подржи развојот на креативни стажирања преку надградување на вештините на обучувачите за стажирање во компаниите во рамки на секторот на креативните индустрии. **Водичот за добри практики за Европски стажирања во културните и креативни индустрии е развиен** како документ кој потенцира добри практики и иновативни пристапи со цел да постави основи за имплементација на ефектно квалитетно стажирање. Тој е резултат на петтата проектна етапа во проектот P4CA. Истиот е развиен врз база на знаење и експертиза сумиран за времетраењето на проектот, но исто така врз база на искуствата и потребите на различни ментори за стажирање, компании во креативниот сектор, стажанти, тренери и професори кои беа инволвирани во проектните активности.

## Како беше развиен водичот?

Преку идентификување на различни модели за стажирање во шест различни земји (Италија, Обединето Кралство, С. Македонија, Словачка, Полска, Унгарија) сумиравме различни искуства кои ќе поддржат унифицирана и квалитативна рамка за стажирање. Базирана на седум критериуми на услови на оваа рамка, а посебно базирана на седум критериуми за работа и услови за учење, се повикаме на ресурси кои конституираат најдобри практики кои можат да бидат имплементирани во стриктно различни модели на стажирање во секторот Култура и креативни индустрии во различни земји. Резултатите од шесте фази на проектот можете да ги најдете на p4ca.eu како и да ја превземете различната јазична верзија по ваш избор.




Проектот исто така ја зема како пример *Европската рамка за квалитетно стажирање*. Подготвителната работа на Европската Унија за Рамката покажа дека многу земји ги немаат воспоставено овие критериуми и и затоа EFQA постави четиринаесет критериуми кои можат да се користат како заедничка референца.

## За кого е водичот?

- Ментори за стажирање
- Обучувачи
- CCI вработени
- VET давателиЈ
- Училишта
- Млади луѓе
- Стажанти

## Што можете да најдете во овој водич?

Вовед во водичот, во темата за стажирање во CCI и EFQA, проследено со три суштински чекори за добра практика за стажирање. За целосна англиска верзија на водичот, кликнете тука.

Тоа е интерактивен документ кој обезбедува отворени образовни ресурси и линкови до веб-страници, статии, видеа, извештаи кои би можеле да бидат корисни за да се добијат дополнителни информации,.

**Видеата со препораки ќе ги најдете во различни поглавја од водичот со кликнување на симболот 🎥. Видеата можат да се најдат и на YouTube каналот на Матера под називот P4CA playlist.**

# Чекор 1

## Како да подготвите стажирање

1.1. Придобивки од стажирањето за стажантите, компаниите и институциите за стручно образование и обука

**Придобивки за стажантите:**

- ➔ приспособување на маркетот на трудот
- ➔ Подобар пристап до работни места
- ➔ Транзиција од школу-вање до вработување
- ➔ Повеќе можности
- ➔ Подобри изгледи за кариера

**Придобивки за компаниите:**

- ➔ вештини специфични за работата
- ➔ ефикасно регрутирање
- ➔ подобра продуктивност и профитабилност
- ➔ помал промет на персоналот
- ➔ повеќе иновација

**Придобивки за VET институциите:**

- ➔ поинтересна и релевантна обука
- ➔ подобри резултати во преодот од школување до вработување
- ➔ практична примена на теорија
- ➔ подобрување на вештините и работните навики
- ➔ јасна врска помеѓу курсевите и работните места

**Предложена методологија:**

**1)** Истражување на разноликоста во секторот култура и креативните индустрии на дадена локација

**2)** Посети и комуникација со претпријатија во соодветниот сектор преку учетсво на посреднички организации, кои може да бидат и кластери на креативна индустрија, стопански и индустриски комори, други европски мрежи и организации (пр. ECBN)

**3)** Воспоставување на критериуми за проценка на претпријатијата да примаат стажанти, опишани во Вовед, дел III од овој прирачник. *(Писмен договор, Резултати од учење, Педагошка поддршка, Компонента на работно место, Плата и/или компензација, Социјална заштита, Здравствени и безбедносни услови)*

1.2. Како да се идентификуваат деловните области за соработка.

🎥

🎥

1.3. Како да се идентификуваат најдобрите тутори за соработка.

Улоги и клучни компетенции

Професионално знаење на Обучувачот за стажирање на спецификите на креативниот сектор и работно искуство во специфичната стручна област, со свесност за потребите за вработување.

Личните карактеристики се подеднакво важни како професионалното знаење: искуство во работа со млади, вештини за соработка и комуникација, психолошки компетенции, разрешување конфликти, и вештини за тимска работа.

Настава и обука за усогласување на работодавците со стажантите преку дизајнирање на содржина за обука која е педагошка и методолошка и им обезбедува вистинска обука. Тој или таа треба да има соодветен педагошки и методолошки план за следење и оценување.

Целосната листа на компетенции ќе ја најдете тука IO2.

# Чекор 2

## Како да го осмислите планот и како да преговарате за негова имплементација

### 2.1. Како да дизајнирате план за учење

**Чекори за дизајнирање на план за учење**

**Чекор 1:** Анализа на потребите и очекувањата. Стажантот и компанијата треба јасно да ги идентификуваат и специфизираат нивните потреби и очекувања во планот за учење.

**Чекор 2**: Идентификување на барањата на училиштето. Бидејќи планот за учење е дел од одредена наставна програма, се идентификуваат барањата од училиштето.

**Чекор 3**: Воспоставување на акции, алатки и методологии кои ќе ги усогласат потребите на стажантот со оние на компанијата.

**Чекор 4**: Назначување ментор одговорен за патеката на учење и проценка на напредокот на стажантот, како и нивниот придонес во компанијата.

**Алатки што може да се користат за план за учење, од индукциска обука до патека за учење**

**here**

### 2.2 Како да се усогласат студентите и работното место: регрутирање

Работното место има важна улога во подготвување на кандидатот/ка за стаж за вработување. Работодавачот треба да постави јасни очејувања вклучително и:

- Придонес за одрганизацијата
- Развој на нивните вештини
- Пристап до раководните тела
- Напредок во кариерата

Работодавачот треба да се запознае со следните информации:

- Кои се целите на кандидатот/ка за стаж?
- Што тој-таа очекува од стажирањето?
- Кои вештини сака да ги развие?
- Со кои вештини располага и кои треба да се подобрат?

### 2.3. Како да се испорача квалитетен договор

**Важни права и обврски за време на стажирањето**

Специфични правила за договорите за стажирање се во законодавен контекст во повеќето земји 230/2012. (VIII.28.) Korm. rendelet ( Уредба на владата) ги регулира овие правила. Овде се собрани најважните.

1) Времето на работниот однос на стажантот утврдено по договор
2) Договор со стажантот
3) Договор за работно место на стажантот кои ги утврдува неговите обврски

# Чекор 3

## Како да се менаџира стажирањето

### 3.1 Како да се планира работната програма во компанијата за стажантот и обучувачот

Според институтот за стажирање и техничко образование (IATE), важно е да се обезбеди преглед на целото стажирање. Треба да се направи јасна временска рамка за обиката за стажирање, со специфика за обуката на и вон работно место и време, како и за можностите за подготовка на акредитација во европската квалификациска рамка. Понатаму треба да се има свесност за стандардите за стажирање и обезбедување услови во кои стажантот ќе се чувствува слободен да поставува прашања, да побара помош и да се чувствува сигурен во однос на квалитеот и личната работа. (како пример, во Проектен Простор Прес ту Егзит секое менторство е взамено дефинирано пред почетот на стажот да одговара на потребите на организацијата, обучувачот и стажантот.)

### 3.2. Како да се промовира мобилност

**Објаснување на мобилност за стажирање**

Мобилност за стажанти се однесува на обезбедување на програма за стажирање во друг град, регион или земја, различен од каде е седиштето на училиштето . Мобилноста на стажантите е во согласност со истите критериуми кои важат за генералната програма за стажирање, но вклучува некои специфики посебно кога е инволвиран интернационален фактор. Терминот обично се користи во однос на правилниците на European Union. Во тој контекст некои од критериумите кои јасно ја дефинираат мобилноста на стажантите се:

- Повеќеслојно работно место кое вклучува социо-културни аспекти
- Средства за размена на експертиза и обединување на пазарот на трудот
- Начин да се промовира политиката за вработување на Европската унија, за да се компензира неусогласеноста на вештините помеѓу понудата и побарувачката на работна сила
- Можност за шоттикнување иновации преку различни пристапи

Европската комисија ја нагласува вредноста на мобилноста за стажирање уште од EU Lisbon agenda која имаше за цел да ги намали културните, социо-економските, академските бариери. Во рамки на ЕУ развиени се неколку фондови и програми за водење и подршка на мобилност на стажанти. Ова се некои од нив.

### 3.3. Како да се еваулира и акредитира стажирањето

EAN | EAfA | CEDEFOP | Erasmus+ | EURES | CLOCKYOURSKILLS

Стажантите треба да водат дневник кој може да биде во форма на временски лист. Тука ги запишуваат мотивациските работи за нивното стажирање, секојдневното искуство од обуката што ја добиле, задоволството од стажирањето и импактот на истото врз нивната кариера. Дневникот не мора да се оценува туку му помага на обучувачот да добие сеопфатна перспектива на силните и слабите страни на програмата за стажирање. Исто така се препорачува и обучуваот да води свој дневник за искуството.

Компаниите домаќини треба да воспоставаат систем на евалуација во нивните претпријатија, како и извештаи за оценување на стажантите кои подоцна ќе бидат споделени со училишниот кредитен систем и идните работодавачи. Поконкретно, извештајот за проценка не треба да биде некомуникативен извештај, туку треба делумно да покрива и наративна проценка.

Се надеваме дека овој Водич за добри практики за креативно стажирање во Европа Ви беше од корист.

Доколку сакате да ни оставите повратна информација Ве молиме кликнете **тука**.

Следете го P4CA проектот на **www.p4ca.eu**




RRA SENEC - PEZINOK | RINOVA | materahub industrie culturali e creative | press to exit project space | arteria foundation | CULTURAL CREATIVE INDUSTRY CLUSTER

Поддршката од Европската комисија за изработка на оваа публикација не е одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, и Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union